Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 08.07.2020

На 07.07.2020 во 11.50 часот од ул.„Младинска" во Струмица се случила сообраќајна незгода во која товарно возило „рено мастер", со кочански регистарски ознаки, управувано од С.С.(27) од Кочани, удрило во патничко возило „алфа ромео", со стружнички регистарски ознаки, управувано од Б.Б. (26) од Струмица и во паркирани патнички возила „citroen ц4", со стружнички регистарски ознаки, и „фолксваген поло", со бугарски национални ознаки. Притоа, од полициски службеници од СВР Струмица во возилото „рено мастер" биле пронајдени 32 мигранти, од кои 15 од Авганистан, девет од Пакистан, шест од Бангладеш и по еден од Сирија и Ирак. По незгодата, во Медицински центар Струмица биле пренесени осум мигранти, при што кај двајца биле констатирани тешки телесни повреди, а кај шестмина телесни повреди. Возачот С.С. бил приведен и задржан во Полициската станица Струмица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава, а мигрантите се сместени во Прифатниот транзитен центар Винојуг.

На 07.07.2020 во 23.55 часот, полициски службеници од СВР Скопје во паркшумата Гази Баба го лишиле од слобода К.В.(22) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.07.2020 во 14.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на патот Средно Водно - Нерези го лишиле од слобода М.С.(35) од Куманово, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.07.2020 во 02.20 часот, од полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Чаир, при извршен преглед кај Ф.С.(28) од Скопје, бил пронајден нож на расклопување. Тој бил приведен, поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.07.2020 во 08.25 часот било пријавено дека на магистралниот пат Кичево - Охрид, кај с.Подмоље, патничко возило „мерцедес", со охридски регистарски ознаки, управувано од Т.Р.(29) од Охрид, излетало надвор од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот С.Л. (22) од Скопје, а со телесни повреди се здобил возачот, констатирани во болницата „Св.Еразмо", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Охрид.

На 07.07.2020 во 12.20 часот било пријавено дека на паркинг простор на бул.„Партизански одреди" во Скопје, патничко возило „фолксваген", со шведски национални ознаки, управувано од непознато женско лице, удрило во пешакот В.Т.(76) од Скопје, по што го напуштило местото на незгодата. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил пешакот В.Т., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.07.2020 во 15.00 часот било пријавено дека во Скопје, на крстосница од бул.„Крсте Мисирков" и бул.„Гоце Делчев", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „југуав", управувано од Ж.Д.(39) од Скопје, патничко возило „волво",управувано од З.А.(47) од Скопје и мотоцикл „сузуки",управуван од К.А.(46) од Скопје, сите три со скопски регистарски ознаки. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, а 15-годишниот сопатник се здобил со телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде биле пренесени за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.07.2020 во 18.06 во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул.„Димо Наредникот" и ул.„Сотка Џиџикиќ" во Прилеп, патничко возило „мазда", со прилепски ознаки, управувано од Н.Г.(52) од Прилеп, удрило во велосипед, управуван од 10-годишник. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Градска болница Прилеп, каде бил пренесен за укажување лекарска помош. Увид извршила екипа на ПС Прилеп.

На 07.07.2020 во 22.50 часот во Полициската станица Прилеп, од Територијалната противпожарна единица Прилеп било пријавено дека на ул. „Марагара" во Прилеп било опожарено товарно возило „мерцедес", со ресенски регистарски ознаки, сопственост на З.Б. од Прилеп, а паркирано во дворното место од куќата на Г.С.. Повредени лица нема. Бил извршен увид.

На 07.07.2020 во 01.20 часот било пријавено дека на бул.„Илинден" во Скопје, А.М.(31) од Берово агресивно се однесувал кон полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 08.07.2020 во 01.15 часот било пријавено дека на магистралниот пат Охрид - Кичево, кај с.Требеништа, товарно возило „рено мастер", со вевчански регистарски ознаки, управувано од Х.З.(33) од Охрид, излетало надвор од коловозот. Во незгодата, возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Охрид, каде што бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Охрид.

На 07.07.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, Г.Р.(39) од Скопје пријавила дека на ул.„Ордан Чопела" била касната од куче скитник.

На 07.07.2020 во 22.26 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" бил донесен повреден 16 - годишник од Скопје, кој, според пријавеното, околу 22.10 часот на фонтана во парк во населба Чаир, по претходна расправија со две лица, од едното од ним бил прободен со нож. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.07.2020 во 15.40 часот во Полициската станица Центар, Д.А.(28) од Скопје пријавила дека на ул.„Белградска" била касната од куче скитник.

На 07.07.2020 во 21.25 во СВР Битола било пријавено дека на патот А-3 Битола, кај клучка „Кукуречанска", патничко возило „опел инсигниа", со битолски регистарски ознаки, управувано од Н.С.(22) од с.Могила, излетало од патот. Во незгодата, сопатникот Л.А.(21) од с.Могила и Д.Н.(28) се здобиле со тешки телесни повреди, додека возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Битола, каде биле пренесени за укажување на лекарска помош. Увид извршила екипа на СВР Битола.

По текот на 07.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се двајца возачи бидејќи поминале на црвено светло, еден возач затоа што управувал возило без да се стекне со право на управување на моторно возило, а 27 возила се подигнати со специјално возило „лајак".

На 07.07.2020 во 22.00 часот во ОВР Прилеп, Р.Д.(54) од Штип пријавил дека околу 16.00 часот на ул.„Дебарца" во Прилеп, по претходна расправија поради нерасчистени должнично - доверителски односи, бил физички нападнат од С.К., Ш.Н. и шуте неколку непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.07.2020 во 20.00 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул.„Браќа Моцаноски" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.П.(66) и Б.К.(75), двајцата од с.Кривогаштани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.07.2020 околу 13.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека на нива покрај железничката пруга во Тетово, во атарот на с.Лоро, непознати сторители со механизација направиле длабок ископ и во него депонирале разновиден градежен и друг отпад, кој потоа бил запален. Со интервенција на тетовската Територијална противпожарна единица, пожарот бил целосно локализиран. Увид извршила екипа од СВР Тетово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.07.2020 околу 13.30 часот во СВР Велес било пријавено дека на место викано „Гринчкиџиа лаки", на брегот на реката Вардар, бил пронајден човечко тело на починато машко лице. Бил извршен увид на местото, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 08.07.2020 во 02.00 часот во СВР Скопје, З.Р.(49) од с.Волково, скопско, вработен како возач на автобус во ЈСП Скопје, пријавил дека на 07.07.2020 околу 22.30 часот, додека управувал градски автобус од нас.Хром кон нас.Горче Петров, на ул.„Горче Петров", по претходно недорасправање, бил физички нападнат од А.З.(22) од Скопје. По преземени мерки А.З. бил лишен од слобода и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.07.2020 во 23.40 часот на бул.„Александар Македонски" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода И.И.(28) од с.Арачиново, скопско, затоа што при извршен преглед во неговото возило бил пронајден пуштол марка ЦЗ 99, со една рамка со 10 куршуми, за кој не поседувал дозвола. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.07.2020 во 15.15 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Ј.(67) од Скопје пријавил дека на ул.„Фрањо Клуз" бил каснат од куче скитник.

На 08.07.2020 околу 00.50 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека на место викано „Први реон" лица од политичка партија пишувале графити, односно боеле преку претходно напишани графити од друга политичка партија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.07.2020 во 10.35 часот во Полициската станица Карпош, Б.П.(34) од Скопје пријавил дека на бул.„Илинден" бил каснат од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.П.(47) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или експлозивни материи". На 18.01.2020 во атарот на с.Велушина, од страна на полициски службеници била извршена контрола врз ловции, при што кај приведеното лице пронајдена ловна пушка „црвена застава" М70 со калибар 8x57, со бришан фабрички број како и 19 куршуми со калибар 8x57, за чие потекло не поседувал никаква документација.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.Д.(34) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 29.01.2020 на ул.„Љубљанска", полициски службеници го забележале приведеното како продава дрога на Д.А.. Лицето со такси возило дошло до куќата на Д.Д., по што возилото било сопрено и кај Д.А. бил пронајден и одземен хероин, кој го купил од Д.Д.. После тоа бил извршен претрес во домот на приведеното и бил пронајден и одземен хероин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Б.Ц.(52) од с.Горобинци, светиниколско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување согласно со здравствените прописи за време на епидемија". На 03.07.2020 во 17.00 часот, полициски службеници го затекнале приведеното на лозје во атар на с.Горобинци, при што било утврдено дека не постапил според решение издадено од 02.07.2020 година, со кое му се одредува здравствен надзор и самоизолација во домашни услови во траење од 14 дена, со цел спречување на ширење на ковид-19.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Б.В.(35) и Л.Х. (43), двајцата од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „кражба во обид" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Во периодот од 03.05.2020 до 04.05.2020 приведените го извршиле делото на ул.„Димко Најдов" во куќа во Велес за време на полициски час.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против С.З.(52) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 24.06.2020 на ул.„Љубица Богеска" во Кичево, полициски службеници извршиле контрола во домот на приведеното, за кого од ДСЗИ ПО Охрид било донесено решение за спроведување на задолжителна домашна изолација во траење од 14 дена, од 17.06.2020 до 30.06.2020. Притоа, приведеното не бил затекнат во неговиот дом.

СВР Штип, СВР Куманово и СВР Битола поднесоа шест кривични пријави против Ц.Н.(16) од Штип, Ш.А.(25) од Куманово, Т.Б.(21), М.Р.(39), двајцата од с.Преглово, општина Пласница, Н.Н.(17), И.Л.(16), двајцата од с.Пласница, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Приведените не се придржуваа кон воведената мерка за ограничено движење.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Диме Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)2)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет